**З А П И С Н И К**

**од петнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2026 година**

Петнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска-online, Насер Адеми, д-р Адмирим Алити и Анкица Трпковска.

На состаокот беше присутен и Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, Jeton Akiku.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за петнасеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од четиринаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Барање на согласност за јавна набавка на стока-гориво за службени возила на Агенцијата за електронски комуникации;
4. Усвојување на Предлог-Статут на Агенцијата за електронски комуникации, на предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, со цел доставување на согласност до Собранието на Република Северна Македонија, усогласен со Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025), кој ќе започне да се применува од 01.06.2026 година";
5. Предлог за повлекување на Предлог-Одлука за измена на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации доставен до Собранието на Република Северна Македонија број 1102-5/5 од 05.03.2021 година, од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации и доставување на новиот Предлог-Статут на Агенцијата за електронски комуникации на согласност до Собранието на Република Северна Македонија;
6. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за петнаесеттиот состанок во 2026 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на стока-гориво за службени возила на Агенцијата за електронски комуникации.

Во врска со точка 4, Комисијата едногласно го усвои Предлог-Статутот на Агенцијата за електронски комуникации, на предлог на Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, со цел доставување на согласност до Собранието на Република Северна Македонија, усогласен со Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Северна Македонија број 135/2025 и 269/2025), кој ќе започне да се применува од 01.06.2026 година;

Во врска со точка 5, Комисијата едногласно го прифати Предлогот за повлекување на Предлог-Одлуката за измена на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации доставен до Собранието на Република Северна Македонија број 1102-5/5 од 05.03.2021 година, од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации ќе го достави новиот Предлог-Статут на Агенцијата за електронски комуникации на согласност до Собранието на Република Северна Македонија.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

д-р Адмирим Алити________

Наш број 1102- 22/2

Скопје 04.05.2026 година